**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за сообраќај**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор за сообраќај по овластување од Градоначалник**

# П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А

за изменување на Одлуката за давање на субвенции на ЈСП „Скопје“ Скопје за 2023 година

Скопје, ноември 2023 година

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02), и член 8-б од Законот за јавните претпријатија ( „Службен весник на Република Македонија“, бр.38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/18; 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22 и 274/22) Советот на Град Скопје на ________ седница, одржана на ______, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување на Одлуката за давање на субвенции на ЈСП „Скопје“**
**- Скопје за 2023 година**

**Член 1**

Во Одлуката за давање на субвенции на ЈСП „Скопје“ – Скопје за 2023 година („Службен гласник на Град Скопје“ бр.18/22 ), во член 1 став 1 алинеја 2, износот од „440.000.000,00 денари“ се заменува со износ од „550.000.000,00 денари“.

**Член 2**

Средствата за оваа намена се обезбедени со Буџетот на Град Скопје за 2023 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број __ – _______
2023 година

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Правен основ за донесување на измената на Одлуката е член 36 од Законот за локална самоуправа, каде е наведена надлежноста на Советот на Град Скопје за донесување на одлуката. Исто така согласно на член 8-б, од Законот за јавните претпријатија, јавните претпријатија основани од страна на Градот Скопје, можат да добиваат финансиска помош, т.е. одредени финансиски поволности од страна на основачот.

Со оваа одлука за изменување на Одлуката за давање на субвенции на ЈСП „Скопје" Скопје за 2023 година, се врши усогласување со Буџетот на Град Скопје („Службен гласник на Град Скопје" бр.18/22 ).

Поради горенаведеното, а во насока на подобрување на транспортната услуга на граѓаните на подрачјето на градот Скопје како и непречено одвивање на јавниот превоз се предлага измена на предметната одлука односно на средствата за цели како што е наведено во диспозитивот.

Се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за изменување на Одлуката за давање на субвенции на ЈСП „Скопје" – Скопје за 2023 година.